Врз основа на член 3, 4, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 46, 47, 48, 49 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна соспственост и со стварите во општинска сопственост (Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/1, 190/16 и 21/18 и Сл.весник на РСМ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Одлуката за продажба број 02-1068/7 донесена од Управниот Одбор на јавното претпријатие на ден 16.06.2023 година, Извештаите за извршена процена на пазарна вредност на транспортни средства број 02/143-2, 02/143-3, 02/143-4, 02-143/5, 02-143/6, 02-143/7 и 02-143/8 сите од ден 09.06.2023 година изготвени од овластен проценител ПРИМА ТИМ ДОО Охрид, Комисијата за продажба на недвижни и движни ствари сопственост на ЈП Охридски Комуналец Охрид објавува:

**ОБЈАВА БР.1/2024**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ВОЗИЛА КАКО СТАРО ЖЕЛЕЗО –ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ( ПРВ ПАТ)**

**ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

1.Специјално возило - утоварач РД-130, број на шасија 1128, година на производство 1990, сила на моторот 95 kw, работна зафатнина на моторот 15 м3, боја на каросерија 01/бела, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 122.400,оо денари

2. ФАП Н3 Товарно возило, со регистарска ознака ОН 965 BS, марка ФАП, број на шасија 77763, број на мотор 112746, година на производство 1980, сила на моторот 145 kw, работна зафатнина на моторот 8280 м3, боја на каросерија жолта/6А, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 63.240,оо денари

3. Товарно возило Мерцедес спринтер 311 CDT, со регистарска ознака ОН 0722 АВ, марка Мерцедес, тип Спринтер 311 CDT, број на шасија WDB036111B4909950, број на мотор 61198150703803, година на производство 2003, сила на моторот 80 kw, работна зафатнина на моторот 2148 м3, боја на каросерија портокалова 61, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 27.336,оо денари

4. Транспортно средство – ПМВ Renault Kongoexpress, со регистарска ознака ОН 569 CD, марка Renault, тип Kongoexpress 1.2, број на шасија VF1FC0AAF21149763, број на мотор F434200, година на производство 1999, сила на моторот 43 kw, работна зафатнина на моторот 1149 м3, боја на каросерија 01/бела, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 10.710,оо денари

5. Транспортно средство – ПМВ Seat Arosa, со регистарска ознака ОН 749 CB, марка Seat, тип Arosa 1.0, број на шасија VSSZZZ6HZWW021590, број на мотор 188087, година на производство 1998, сила на моторот 37 kw, работна зафатнина на моторот 999 м3, боја на каросерија 01/бела, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 9.925,оо денари

6. Помошна опрема на транспортно средство – надградба ѓубретарка
Опремата е во лоша состојба
Почетна цена: 43.200,оо денари

7. Транспортно средство – Работно моторно возило ФАП, со регистарска ознака ОН 544 BK, марка работно FAP, тип 1620 KBD 45 MIN.AS, број на шасија 103815, број на мотор 2F113B, година на производство 1987, сила на моторот 147 kw, работна зафатнина на моторот

11040 м3, боја на каросерија оранж 71/жолта 60, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба

Почетна цена: 58.140,оо денари

Стварите–возилата се продаваат поединечно по системот **видено-купено.** Дополнително рекламации не се примаат.

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Писмена пријава – понуда за учество на јавното наддавање до архивата на ЈП Охридски Комуналец Охрид во затворен плик со назнака НЕ ОТВОРАЈ, За **ОБЈАВА БР.1/2024 ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ВОЗИЛА КАКО СТАРО ЖЕЛЕЗО**

Пријавата може да се подигне од Архивата на ЈП Охридски Комуналец Охрид или на web страната на јавното претрпијатие.

Данокот на промет и другите трошоци ќе ги сноси купувачот – најповолниот понудувач.

Минималниот чекор на зголемување на понудата е 500,оо денари.

## ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

**Електронското јавно наддавање ќе се одржи на ден 30.01.2024 година со почеток:**

- За точка 1, од 10.00 часот до 10.15 часот;
- За точка 2, од 10.30 часот до 10.45 часот;
- За точка 3, од 11.00 часот до 11.15 часот;
- За точка 4, од 11.30 часот до 11.45 часот;
- За точка 5, од 12.00 часот до 12.15 часот;
- За точка 6, од 12.30 часот до 12.45 часот;
- За точка 7, од 13.00 часот до 13.15 часот;

Електронското јавно наддавање ќе се одржи на интернет страницата www.eaukcijaohrid.mk

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на движните ствари на територијата на Република Македонија согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата. Увид на движните ствари - возила кои се предмет на елктронското јавно наддавање заинтересираните субјекти ќе може да извршат секој работен ден во периодот од 10.00 до 12.00 часот во Секторот Механизација. **Лице за контакт Тодор Ропчев.**

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Пријава- понуда за учество

на јавното наддавање, која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во објавата и тоа

- Доказ за идентитет за правни лица
- Тековна состојба од Централен регистар на Р.М. – не постара од шест месеци ( за домашни правни лица )

- Извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа (за странски правни лица)

- Доказ за идентитет на физички лица: ( копија од лична карта или патна исправа )

- Пријавата содржи и првична понудена цена

- Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната www.eaukcijaohrid.mk на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање

- Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, Комисијата во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за доставување на понуда – пријавата им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

**РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

- Краен рок за поднесување на пријава за учество на јавното наддавање е 23.01.2024 година (вторник) до 15.00 часот.

**ПОСТАПКА**

- Јавното наддавање започнува со објавување на почетна цена на движната ствар и

  се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

- Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по Објавата се пријавил само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во Објавата и ја прифати или наддаде почетната цена за продажба на движните ствари-возила.
- Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат односно зголемуваат цената на возилото.Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Јавното наддавање продолжува неограничено, се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

- За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на движната ствар.
- Комисијата по завршување на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.
- Учесниците имаат право на Приговор само по однос на постапката за јавно наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот.
- Најповолниот понудувач во рок од 10 дена од денот на приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за возилото на сметка јавното претпријатие, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари.
- Со најповолниот понудувач, во рок од 5 работни дена по извршената уплата на цената на возилото, се склучува Договор за продажба на движни ствари.

ЈП Охридски Комуналец Охрид

Комисијата за продажба на недвижни и движни ствари,

Претседател, Тодор Ропчев

Член, Иванчо Орачев

Член, Огнен Петрески